ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 20/24



**21.10.2024 година**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: „ ПРОТЕТИКА” НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав Европски Универзитет Скопје на 216-та редовна седница одржана на ден 30.09.2024 година, а во врска со распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика” (30407-Фраскатиева класификација), објавен во весникот „Вечер” на ден 02.10.2024 година, донесе: Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Протетика” (30407-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Проф. д-р Билјана Капушевска, претседател;
2. Проф. д-р Сашо Еленчевски, член.
3. Проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска, член

По разгледување на поднесената документација, Рецензентската комисија, на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје му го поднесува следниов:

На распишаниот конукурс на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје, за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научна област: „Стоматолошка протетика” (30407-Фраскатиева класификација) во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот. д-р Тања Дејаноска , која ги достави бараните документи наведени во конкурсот и тоа:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија (CV);
- Диплома за завршено соодветно образование (научен степен доктор на науки);
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок (копија) од 5 научни трудови, објавени во референтна научна публикација, согласно со Законот за високото образование, во последните 5 години пред објавување на конкурсот за избор;

Врз основа на поднесената пријава од кандидатот и приложените документи, рецензентската комисијата го доставува следниов:

# РЕЦЕЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Тања Дејаноска е родена на 01.11.1976 година во Скопје, каде што со одличен успех ги завршила основното и средното образование.

Средно образование завршила во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов"- Скопје, отсек забен техничар.

Во учебната 1995/1996 година се запишала на Стоматолошкиот факултет при Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Студиите по стоматологија ги засвршила во 2005 година со просечен успех 9,22.

Специјализација по Стоматолошка протетика завршила во април 2009 година на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнува со стручен назив Специјалист по СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА.

Во 2018 година запишала трет циклус студии - докторски studiiпо стоматолошки науки кои ги завршила со просечен успех 10. Во 2022 годинаја ја одбранилка докторската дисертација под наслов „Влијанието на висината на супраструктурата врз стабилноста на имплантите – метод на конечни елементи" и се здобила со научен степен на звање, доктор на стоматолошки науки од областа на Стоматолошка протетика.

Рецензија за оцена на докторската дисертација од д-р Тања Дејаноска е објавена во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1257, од 15.3.2022 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, италијански јазик, албански јазик.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ
## И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

2001-2002 работа во стоматолошка ординација Истерн Дентал, Њу Џерси, САД какјо дентален асистент

2002 – 2003 Совет за радиодифузија Скопје преведувач

2003-2006 ПЗУ "Тренд"како стоматолог

2005 година ја основа јкомпанијата ДЕНТАЛ ТРАВЕЛ Дооел Скопје

2006 ја основа томатолошката ординација по општа стоматологија ПЗУ Дентал Интернатионал – Дејаноски, каде е вработена до ден денес како стоматолог и управитрел/менаџер

2010 година основа специјалистичка стоматолошка ординација по стоматолошка протетика ПЗУ Дентал Интернатионал

2021година е ко-основач на компанијата Центар за Вештачка Интелигенција Доо Скопје, која се занимава со развој на вештачка инелигенција во стоматологија

Од 2010 до 2022година е Претседател на Групација на Приватно здравство при Сојуз на Стопански Комори

Во 2022 година е избрана за Претседател на Комора на Приватно здравство при Сојуз на Стопански Комори (со формирањето на Комората, основач)

Од 2010 година до денес е член на управниот одбор и епотпретседател на Сојузот на Сопански Комори

Член на Управен одбор во Фонд за здравствено осигурување во 2016, 2022,2023 и 2024

2013 – избрана за жена менаџер за 2013 година

- Основач и член на Здружение на жени претприемачи
- Член на Здружение на бизнис жени
- Основач и член на Здружение за енергетска ефикасност
- Основач и член на Здружение за здравје и безбедност при работа
- Член на Националниот Координативен Механизам и член на Надзорен Одбор на Националниот Координативен Механизам, тело одговорно за националните програмите за борба против ХИВ- СИДА и Туберкулоза поддржани од Глобален Фонд
- Претставник на приватниот сектор на Конференција на Светска Банка за креирање на политики за вработување 2014
- Член на Стоматолошка Комора и делегат во регионален одбор општина Центар, Скопје за Стоматолошка Комора

- Член на Македонско Стоматолошко Друштво
- Член на Македонско здружение за естетска стоматологија
- Член на Македонско здржение на стоматолози специјалисти
- Сертифициран стоматолог за Lumineers
- Сертифициран имплантолог

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во својата Научно-истражувачката дејност на кандидатката д-р Тања Дејаноска може да се согледа преку прегледен и систематски увид на презентираните стручни и научни трудови, како автор и коавтор, публикувани во повеќе списанија и зборници на меѓународни и домашни научни собири. Од тој увид може да се констатира дека кандидатката поседува желба и ентузијазам за научно-истражувачка дејност.

1. Т. Дејаноска, С. Дејаноска., К. Дејаноски. Management and protection of the gingival sulcus during tooth preparation and taking impression. 9-th Congress of the Balkan Stomatological Society, Ohrid 2004.

2. Т.Дејаноска, С.Дејаноска., К.Дејаноски, Б.Јосевски. Северин современи производи за стоматолошка хигиена. Стручен состанок на Здружение на докторите специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија. Кавадарци, 2008..

3. С.Дејаноска, К.Дејаноски, Т.Дејаноска, С.Ќитаноска. Влијанието на денталните атхезиви врз ретенцијата и стабилизацијата на тоталните протези. Годишник на трудови, Европски Универзитет Република Македонија, 1009-1018, 2009.

4. T.Dejanoska, S.Dejanoska, K.Dejanoski, L.Popovska. New technology of ozone therapy in dentistry. International congress "Dentistry today" , Albanian stomatological society , May 2010, Struga , Macedonia.

5. Tanja Dejanoska, Metodija Simonovski. The Prognostic Concept:"Thick vs. Thin Gingival Tissue" in the Implantology . International Dental Journal 2013; 63 (Suppl. 1): 297—378

6. Vujasin S., Vankovski V., Dejanoska T. Indication for knife-edge preparation in prosthetics Zirconia restaurations. 1st International Congress in dental Prosthetics, Macedonian Dental Society; June, 2016.

7. S.Vujasin, J.Bundevska,V.Kokalanov, V.Vankovski, T. Dejanoska, Analysis of the distribucion of occlusal vertical stress in cantilever dental bridges – method of finite elements: a literature review. Macedonian dental review. 2018; 41(1-2): 35-41.

8. В.Ванковски, С.Вујасин, К.Василева-Гешоска, Т.Дејаноска. Стоматолошка супраструктура - причина за постимплантолошка компликација. IDEA Int. J. Sci. Arts. 2019; 3(5): 221-226.

9. \Vujasin S., Bundevska J., Kokalanov V., Dejanoska T., Vankovski V. THE DISTRIBUTION OF OCCLUSAL VERTICAL STRESS IN SHORTENED DENTAL ARCHES WITH CROSS-ARCH DENTAL BRIDGES ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗАЛНИ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ МАЛКУ СКРАТЕНИ ЗАБНИ НИЗИ СО МОСТОВНИ КОНСТРУКЦИИ. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (3): 106-114. UDC: 616.314-76

10. Вујасин С.1 , Бундевска Ј.2 , Кокаланов В.3 , Дејаноска Т.4 , Ванковски В.1 , ВасилеваГешоска К.1 ДИСТРИБУЦИЈА НА ОКЛУЗАЛНИ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ МОСТОВНА КОНСТРУКЦИЈА СО ДВА НОСАЧИ И ДИСТАЛНО ПРОДОЛЖЕН ЧЛЕН. објавен: IDEA Int. J. Sci. Arts. 3(2019)5: 227-236. ISSN: 2545-4552 (print) ISSN: 2545-4560 (on line).

11. Dejanoska T., Kapuševska B., Kokalanov V., Bundevska J, Vujasin S. ANALYSIS OF CROWN/IMPLANT RATIO ON IMPLANTS STABILITY. АНАЛИЗА НА СООДНОСОТ КОРОНКА/ИМПЛАНТ ВРЗ СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ. Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2019; 42 (4): 115-120. UDC: 616.314-089.843.

12. Вера Стојановска, Поповска Лидија, Мирческа Маријана, Жаклина Цековска, Тања Дејановска, Билјана Ѓоргиева .ВЛИЈАНИЕ НА ОЗОНОТ ВО ИНФИЦИРАНИ КОРЕНСКИ КАНАЛИ: ИН ВИТРО ИСПИТУВАЊЕ. IDEA Int. J. Sci. Arts. 4(2020)8: 129-136

13. Dejanoska T., Dimoski G , Kapuševska B., Kokalanov V., Vujasin S. VON MISES STRESS ANALYSIS IN 3D ALL-ON-6 MODEL WITH 1:1 C/I RATIO (АНАЛИЗА НА НАПРЕГАЊАТА ПО VON MISES КАЈ 3D МОДЕЛ ALL-ON-6 СО 1:1 СООДНОС). Македонски стоматолошки преглед. ISSN 2545-4757, 2021; 44 (2-3): 33-42.

14. Соња Вујасин, Тања Дејаноска, Маја Антанасова, Васко Кокаланов, Ирина Трајковска-Зареска. АНАЛИЗА НА ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ОКЛУЗАЛНИТЕ ВЕРТИКАЛНИ СИЛИ КАЈ ЕДНОСТРАНИТЕ ДЕНТАЛНИ МОСТОВИ ПРИ СКРАТЕНА ЗАБНА НИЗА. IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023)14: 175-184.UDC: 616.314-76-031.4

15. Vujasin S., Dejanoska T., Dimitroska S., Belazelkovska-Grezhlovska A. THE INFLUENCE OF THE NUBMER OF LOADED TEETH ON THE DESTRIBUTION OF OCCLUSAL VERTICAL FORCES IN ONESIDED DENTAL BRIDGES WITH ONE DISTAL CANTILEVER. Apolonia 54-55, 2024; 52-63. UDK: 616.314-008.28

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на направената анализа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија смета дека дека кандидатот д-р Тања Дејаноска има солидна стручна, научна и едукативна подготвеност и поседува солидни научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Европскиот Универзит во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно звање.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина при Европскиот Универзитет во Скопје, д-р Тања Дејаноска да ја избере во звање **доцент** за наставно-научна област по Протетика (30407- Фраскатиева класификација)

**Рецензентска комисија:**

**Проф. д-р Билјана Капушевска – претседател** ____________

**Проф. д-р Сашо Еленчевски – член** ____________

**Проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска - член** ____________